**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за сообраќај**

ПРЕТСТАВНИК: **Зоран Дамјановски**
**Помошник Раководител на**
**Сектор за сообраќај**

ПОВЕРЕНИК: Александар Крстески
Раководител на
Одделение за сообраќај

**П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за Интегриран тарифен систем во линискиот превоз на патници во градот Скопје**

Скопје, март 2022 година

**Предлог**

Врз основа на член 36 од Законот  за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/02) и член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на Република Македонија" бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15,129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19) Советот на Град Скопје на ____________________ седница, одржана на ____ март 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за Интегриран тарифен систем  во линискиот превоз на патници во градот Скопје**

**Член 1**

Во Одлуката за Интегриран тарифен систем во линискиот превоз на патници во градот Скопје (Службен гласник на Град Скопје број 17/15, 8/16, 13/16, 06/18, 15/18, 13/19 и 01/21), во членот 2 став (1) точка 5, се менува и гласи:
**5. "Електронски билет"** е возен документ запишан на електронската картичка на патникот, односно платена превозна услуга преку мобилен телефон, електронски паричник, електронска картичка за еднократна употреба или електронска картичка за дневна употреба.

Во истиот член став (1), после точка 13, се додаваат нови точки 14 и 15 кои гласат:
14. **"Електронска картичка за дневна употреба"** е медиум во чија меморија е запишан возен документ кој може да биде искористен при валидација во текот на еден ден. Возниот документ е запишан во меморијата во процесот на производство и истиот не може да биде менуван. Секоја електронска картичка за дневна употреба има свој единствен сериски број кој е испечатен на истата и е запишан во меморијата на картичката. После извршена валидација Електронската картичка за дневна употреба повеќе не може да биде искористена или надополнета со друг возен документ;
15. **"Електронски дневен билет"** е електронска картичка за дневна употреба во чија меморија е запишан билет за возење во текот на еден ден, со можност за користење на истиот во период од 05.00 часот до 24.00 часот;

**Член 2**

Во членот 5 став (1) точка 1, се менува и гласи:

"Начин на плаќање:

- електронска картичка;
- електронска картичка за еднократна употреба;
- електронска картичка за дневна употреба
- мобилен телефон;
- електронски билет за едно возење;
- електронски дневен билет."

**Член 3**

Во членот 6 после став (5) се додава нов став (6) кој гласи:

(6) „Може да има повеќе видови електронски картички за дневна употреба во зависност од видот на возниот документ, односно билетот кој е запишан во меморијата на картичката. Електронската картичка за дневна употреба може да се пренесува на друго лице.“

**Член 4**

Во членот 9 став (1) точка 2 се менува и гласи:

1. “Билет запишан на електронска картичка, електронска картичка за еднократна употреба или електронска картичка за дневна употреба.”

Во истиот член став (1), после точка 5, се додава нова точка 6 која гласи:

6. “Електронски дневен билет“.

**Член 5**

Во членот 10 став (1) точка 7 после алинеја (2), се додава нова алинеја 3 која гласи:

- „електронска картичка за дневна употреба“;

**Член 6**

Во членот 12 став (2) се менува и гласи:

(2) „Дизајнирањето и изработката на електронската картичка, електронска картичка за еднократна употреба и електронската картичка за дневна употреба, како и продажбата, наплатата и контролата на возните документи–билети, управувањето со тарифите (навремено и автоматско ажурирање на промените во тарифниот систем), го организира ЈСП Скопје“.

**Член 7**

Членот 13 се менува и гласи:

“Влезот во возилото е задолжителен на предната или задната врата, при што патникот е должен да изврши валидација со електронската картичка односно мобилниот телефон. Валидацијата се врши со приближување на електронската картичка/електронската картичка за еднократна употреба/ електронска картичка за дневна употреба односно мобилниот телефон до уредот за валидација. При тоа, зависно од возните документи запишани на електронската картичка/електронската картичка за еднократна употреба/електронска картичка за дневна употреба во нејзината меморија и во меморијата на валидаторот се креира електронски запис како потврда за валидацијата/односно се регистрира дека електронската картичка за еднократна употреба/електронска картичка за дневна употреба е искористена. При валидација со мобилен телефон, електронскиот запис се креира во валидаторот и во посебен сервис кој за сметка на ЈСП Скопје го обезбедува вршителот на услугата. При валидација преку апликација за паметни мобилни уреди, електронскиот запис се креира во валидаторот и во уредот од кој е извршена валидација преку инсталираната апликација. Доколку нема потврда за валидација (нема соодветен

запис во електронската картичка или во сервисот на мобилниот оператор за плаќање со мобилни телефони), односно нема евиденција за искористен електронски билет за еднократна употреба/електронски дневен билет, се смета дека патникот е без билет.”

**Член 8**

Во членот 14 став (2) се менува и гласи:

(2) “При валидација на неперсонализирана електронска картичка, електронска картичка за еднократна употреба и електронска картичка за дневна употреба се евидентираат истите податоци како и за персонализираната електронска картичка освен податокот за корисникот и категоријата на која и припаѓа. “

**Член 9**

Во членот 33 став (1) алинеја 1 се менува и гласи:

- “продажни места на кои се врши продажба и надополнување на електронски картички, продажба на електронски картички за еднократна употреба и продажба на електронска картичка за дневна употреба“.

Во истиот член став (1) алинеја 2 се менува и гласи:

- “продажни места на кои се врши изработка, продажба и надополнување на персонализирани електронски картички, како и продажба и надополнување на неперсонализирани електронски картички, продажба на електронските картички за еднократна употреба или продажба на електронска картичка за дневна употреба“.

**Член 10**

Во член 35 став (1), во точка 7, после подточка 7.1. се додава нова подточка 7.2. која гласи:

| | |
|---|---|
| 7.2. | електронски дневен билет |

| Тарифна зона | Време на користење на билетот | Забелешка | Цена |
|---|---|---|---|
| 1 и 2 | Од 05.00 до 24.00 часот | | 120,00 денари |

**Член 11**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје” .

Број ______________

__________ 2022 година

С О В Е Т  Н А  Г Р А Д  С К О П Ј Е

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Трајко Славески

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) утврдена е надлежноста на Советот.

Исто така, законски основ за уредување на определени прашања во областа на линискиот превоз на патници е член 22 од „Законот за превоз во патниот сообраќај“, каде е дефинирано „Единствениот тарифен систем и начинот на продажба на возни билети, односно електронски карти за сите превозници кои вршат линиски превоз на патници на подрачјето на Градот Скопје го утврдува Советот на Градот Скопје со одлука.

Согласно на функционалните и оперативните надградби на системот за електронска наплата на билети, од страна на ЈСП Скопје, иницирани се измени во одлуката, со цел ажурирање на истата.

Имено, Јавното Сообраќајно Претпријатие „Скопје“ – Скопје - со цел унапредување и олеснување на услугите на корисниците на јавниот градски и приградски превоз во градот Скопје, предвидува да се воведе нов билет за возење (како нова услуга) во возилата на ЈСП Скопје како и кај приватните превозници кои се дел од интегрираниот тарифен систем. Станува збор за дневен електронски билет СКОПСКА односно билет за повеќекратно користење во период од 05.00 часот наутро до 24.00 часот навечер, а која ќе чини 120,00 денари.

Се предлага Советот на Град Скопје да ја усвои предложената одлука.